Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 14-3997/3
06-08-2025 20 год.-viti
Скопје-Shkup

# Влада на Република Северна Македонија

**Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030**

ЗАПИСНИК

Од вториот работен состанок на членовите на Работната група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел Бараки во Општина Велес

Работниот состанок на членовите на Работната група за преземање конкретни активности во врска со препораките во Мислењето од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, за утврдена директна дискриминација врз основа на етничка припадност, социјално потекло и имотен статус во областа на домување и социјална заштита, кон жителите на населбата Тунел Бараки во Општина Велес (во понатамошниот текст: Работната група), се одржа на 17 јули 2025 година во 10.00 часот, во сала бр.3 во Владата на Република Северна Македонија.

На состанокот присуствуваа:

- Ајдоган Демири - Кабинет на министерот без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 во Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: МИСР), претседател на Работната група;
- Љубица Томиќ - Кабинет на МИСР, заменик претседател на Работната група;
- Маја Ралевска - Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, член;
- Горан Ѓуровски - Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката, член;
- Сенада Дурмишовска - претставник на Општина Велес, член,
- Елез Елезовски - Кабинет на МИСР, записничар.

Состанокот го отвори претседателот на Работната група, Ајдоган Демири кој на самиот почеток за записничар на состанокот го предложи Елез Елезовски, вработен во Кабинетот МИСР. **Предлогот беше усвоен.**

За овој состанок на Работната група беше предложен следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Читање и усвојување на Записникот од претходниот состанок;
2. Извештај за спроведените активности во насока на решавање на проблемот со домувањето на жителите од населбата Тунел бараки;
3. Следни чекори и активности во рамки на решавањето на постоечкиот проблем,
4. Разно.

По усвојувањето на Дневниот ред, претседателот на Работната група ги информираше присутните дека претставникот на Министерството за транспорт, нема да присуствува на состанокот.

По **првата точка**, Претседателот го стави на гласање Записникот од претходниот состанок и истиот едногласно беше усвоен.

По **втората точка**, **Извештај за спроведени активности во насока на решавање на проблемот со домување во населбата Тунел Бараки,** Горан Ѓуровски, член-претставник на Акционерското друштво, информира дека:

- Склучени се нови договори за користење со вкупно 18 семејства, што ги опфаќа сите жители со регулиран статус во населбата. Спорните бараки бр. 8, 9 и 12 се исто така правно регулирани, постигната е правна и фактичка согласност со жителите, и се склучени договори. Посебен случај се однесува на едно семејство со утврдено станарско право, пренесено на правен наследник. По правна консултација и увид во документи е склучен нов договор со новиот корисник.

- Првично распишаниот тендер за санација не резултирал со избор на изведувач, поради административни и технички причини. Нов тендер е во тек, а се очекува избор на фирма до крајот на август или почетокот на септември 2025 година. Избраната фирма ќе има обврска веднаш да излезе на терен, да ги евидентира сите дефекти и од наредниот ден да започне со санација.

- Една од бараките е во руинирана состојба, но е постигната согласност и таа ќе биде опфатена со санацијата.

**Министер без ресор задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030**

Работната група се согласи санацијата да се заврши до 31 декември 2025 година, поради претстојниот зимски период. Санацијата треба да биде континуирана, под постојан надзор од надлежните институции и Работната група. Изведувачот е должен веднаш по изборот да пристапи кон работа, согласно насоките од Акционерското друштво. Договорите со жителите, според досегашната пракса, важат на период од две години. Засега не е потврдено дали тој рок е задржан во новите договори.

Претставничката на Општина Велес, Сенада Дурмишовска, презентираше извадок од важечкиот Детално-урбанистички план (ДУП), каде што локацијата на бараките е дефинирана како зона за индивидуално домување (семејни куќи), а не за колективно домување. Иако теренот технички дозволува градба, постоечката класификација не овозможува изградба на социјални станови во форма на згради.

Отворена е дискусија со две потенцијални насоки:

1. Изградба на социјални станови на друга соодветна локација;
2. Долгорочно користење на бараките, без можност за добивање имотен лист.

Беше истакнато дека бараките се објекти без урбанистичка согласност, се со временски карактер и не можат да се легализираат како сопственост.

Во рамки на втората точка беше донесен заклучок дека треба да се следи правната сигурност што ја нудат договорите, односно дали тие дозволуваат долгорочна стабилност за жителите, како и дека е потребна ревизија на урбанистичката рамка, со цел наоѓање нова локација со соодветна намена.

По однос на **третата точка**, Следни чекори и активности во рамки на решавањето на постоечкиот проблем, Сенада Дурмишвска истакна дека има потенцијална локација за изградба – КП 2770 (во близина на Бирото за вработување) во Општина Велес. Оваа катастарска парцела е урбанистички погодна за колективно домување, а локацијата е предвидена за изградба на станбена зграда за околу 20 семејства. За да се искористи оваа парцела, потребна е потврда од општина Велес за правниот и планскиот статус на парцелата, бидејќи правото на одлука за изградба на конкретната парцела го има исклучиво Општината, не и акционерското друштво, и изготвување службена иницијатива до Владата, во зависност од типот на потребната одлука.

Под **точка Разно**, претседателот на Работната група истакна дека известувањето на Владата, за преземените мерки и напредок на Работната група, ќе се одвива на квартално ниво. Исто така, се разви дискусија по прашања за фазите на урбанистички и институционален процес за

изградба, како и за потребата од алтернативна локација и правни ограничувања.

Состанокот заврши во 10.45 часот.

Изготвил:
Елез Елезовски

Претседател:
Ајдоган Демири

Доставено до:

- Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија
- Министерството за транспорт
- Општина Велес
- Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката